# ЗАКОН ЗА
# СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

**“Сл.весник на Р Македонија” бр. 28/02 од 18.04.2002 година**

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Цел на законот

**Член 1**

(1) Со овој закон се утврдуваат мерките за спречување на корупцијата во вршењето на власта и во вршењето на доверени јавни овластувања, мерките за спречување на судирот на интереси, како и мерките за спречување. на корупцијата при вршењето работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на власта.
(2) За примена на мерките од став 1 на овој член се основа Државна комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: Државна комисија).

### Начело на законитост

**Член 2**

(1) Никој не смее да ја злоупотреби својата јавна функција или должност за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице.
(2) Никој не може да биде повикан на одговорност за корупција освен во случаите и условите предвидени со овој закон, со Кривичниот законик и друг закон и во постапка пропишана со закон.

### Начело на доверба

**Член 3**

(1) Никој не смее вршењето на власта и доверените јавни овластувања или работи од јавен интерес да ги злоупотреби за остварување на лични или користољубиви цели.
(2) Злоупотребата на службената положба, положбата на одговорно лице во правно лице, или на лице што врши работи од јавен интерес за остварување на каква и да било корист за себе или за друг, се смета за корупција и повлекува казнена, граѓанско- правна и друга одговорност.

## Начело на еднаквост

**Член 4**

(1) Секој граѓанин има право на еднаков пристап кон вршењето на работите од јавен интерес и на еднакво постапување од страна на лицата што вршат јавни функции, без да биде жртва на корупција.
(2) Секој граѓанин има право на слободно настапување на пазарот и на слободен натпревар, без страв дека може да биде жртва на монополско или дискриминаторско однесување, што е резултат на корупција.
(3) Секој граѓанин има право да спречи или да пријави постапка што претставува злоупотреба на вршење на јавни и други функции и должности, со која се остварува лична корист или му се нанесува штета на друг, без да трпи за тоа какви и да било штетни последици.

## Начело на јавност

**Член 5**

(1) Вршењето на функциите или должностите во власта, на посебните јавни овластувања и на работите од јавен интерес е јавно и подложно најавна контрола.
(2) Никој не може да се повика на примена на закон или друг пропис со кој ќе се ограничи или исклучи јавноста за да се прикрие злоупотреба на функција или должност извршена од користољубие.

## Примена на Законот

**Член 6**

(1) Кога е тоа изречно предвидено одредбите на овој закон се применуваат и на правни лица.
(2) Правно лице одговара за корупција кога орган на управување, одговорно лице или лице што го претставува правното лице ќе изврши дејствие предвидено како дело на злоупотреба, поткуп или противзаконито посредување според Кривичниот законик, или како прекршок определен со закон.

## Значење на изразите употребени во овој закон

**Член 7**

(1) За определување на значењето на изразите: избран или именуван функционер, службено лице, правно лице, одговорно лице во правно лице и лице што врши работи од јавен интерес, се применуваат одредбите од член 122 на Кривичниот законик.
(2) Под поимот корист, лична корист или користољубивост се подразбира остварување на каква и да е материјална или нематеријална корист во вид на право или погодност што не му припаѓа на тоа лице, како и остварување на таква корист за друг.

(3) Под терминот семејство се подразбира брачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите, посвоителот или посвоеникот со кој лицето од став 1 на овој член живее во семејна заедница.

## II. СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ПОЛИТИКАТА

### Финансирање на политички партии, синдикати и здруженија на граѓани

**Член 8**

(1) Финансирањето на политичка партија, синдикат или здружение на граѓани е јавно.
(2) Политичка партија, синдикат или здружение на граѓани не може да прибира средства во готово за финансирање на својата активност од неидентификувани извори.

### Вршење на стопанска и друга профитна дејност

**Член 9**

(1) Доколку е дозволено со закон вршење на стопанска или друга профитна дејност од страна на правно лице основано од политичка партија истото се пријавува на Државната комисија.
(2) На Државната комисија и се пријавуваат сите договори и други зделки што правното лице од став 1 на овој член ги склучува, односно ги врши со државен орган, орган на локалната самоуправа, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал.

### Забрана за користење буџетски средства

**Член 10**

За финансирање на активност на политичка партија, синдикат или здружение на граѓани не можат да се вршат никакви исплати од буџетски средства на Република Македонија, од јавните фондови или од средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал, освен кога исплатите се вршат врз основа на закон.

### Забрана за нови инвестиции и вонредни исплати

**Член 11**

(1) За изборна кампања не можат да се користат буџетски средства на Република Македонија, од јавните фондови и средства на јавни претпријатија или правни лица што располагаат со државен капитал освен ако е тоа определено со закон со кој се уредува финансирањето на политичките партии.
(2) Во текот на изборната кампања за избор на претседател на Републиката, за избор на пратеници, градоначалник или членови на совет на единица на локалната самоуправа, не може да започне изградба со

средства од буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата, како патишта, водоводи, далноводи, канализација и други објекти, или на објекти за општествени дејности - училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година.
(3) Во текот на изборната кампања од став 2 на овој член не може да се врши никаква вонредна исплата на плати, пензии, социјална помош или други исплати од буџетски средства или средства од јавните фондови, ниту да се отуѓува државен капитал.

**Утврдување на злоупотреба на буџетските средства и средства од јавни фондови**

**Член 12**

(1) Кога постојат основани укажувања дека буџетските средства или средствата од јавни фондови, или средствата на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал, се непосредно или посредно, преку инвестициони работи или на друг начин, користени за изборна кампања или воопшто за финансирање на изборна и друга политичка активност, Државната комисија ќе ги разгледа таквите укажувања и во најкраток можен рок ќе изготви извештај кој ќе го достави до Собранието на Република Македонија.
(2) Прашање за злоупотреба на буџетски средства или средства од јавни фондови, односно државен капитал, можат да покренат и дваесет пратеници во Собранието на Република Македонија. Во таков случај Собранието формира анкетна комисија што постапува на начин предвиден во член 17 на овој закон.
(3) Државната комисија најдоцна во рок од еден месец од денот на завршувањето на изборите му доставува посебен извештај на Собранието на Република Македонија за можните злоупотреби на буџетските средства, јавните фондови и средствата на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал. Извештајот се објавува во средствата за јавно информирање.

**Забрана за користење средства од нелегални извори**

**Член 13**

(1) Политичка партија и кандидат на изборите не смее да прибира и користи средства од странство, од неидентификувани извори или средства за кои постои забрана за користење, предвидена со закон.
(2) Ако се појави сомневање дека кандидат на изборите користел средства од нелегални извори, Државната комисија ќе побара од надлежните органи да извршат проверка на приливот и користењето на средствата. Проверката на приливот на средства од странство или други исплати преку банка, не претставува повреда на банкарската тајна.

## Поткупување на избирачите

### Член 14

(1) Давањето или ветувањето подарок, или било друга лична корист на избирач при избори или гласање на референдум, за да се гласа или да не се гласа, или да се гласа за определен кандидат или определена одлука, се смета за изборна корупција.
(2) Доколку Државната изборна комисија утврди постоење на основи на сомнение од став 1 на овој член во текот ка изборите или гласањето на референдум врз основа на укажувања на граѓани, политички партии или кандидати, а по нивното довршување и ако постојат основани укажувања за поткупување, е должна да покрене постапка за поништување на резултатот на изборите и гласањето пред Врховниот суд на Република Македонија.

## Привилегирање или дискриминација по изборите

### Член 15

(1) Државната комисија ги разгледува и врши увид во сите договори, јавни набавки и други зделки поврзани со остварување на профит склучени, односно извршени во периодот од една година од денот на завршувањето на изборот на претседател на Републиката, изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија или локалните избори, меѓу државни органи, органи на локалната самоуправа, јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал со домашни или странски правни лица, како и сите дозволи, концесии и други одлуки со кои на правни лица им се признаваат права или повластици определени со закон или им се одземаат или ограничуваат таквите права или повластици.
(2) За извршениот увид Државната комисија е должна во рок од 60 дена да му достави извештај на Собранието на Република Македонија. Извештајот се објавува во средствата за јавно информирање.

## Влијание при избор, именувања и разрешување на раководни места

### Член 16

(1) Политичка партија или лице што истапува во име на политичка партија не смее да врши притисок при избор или именување, или разрешување на лице на службена, раководна или друга општествено значајна функција или должност, освен во случаите во кои со закон е определена надлежност на претседателот на Републиката, Собранието и Владата на Република Македонија, или органите на единиците на локалната самоуправа да вршат избор, именување, или да даваат мислење или согласност.
(2) Лице што е разрешено спротивно на закон под притисок на политичка партија, како и кандидат за избор или именување што е оштетен со избор или именување извршено под таков притисок, може пред надлежен суд со тужба да побара поништување на актот за избор, именување, односно разрешување.

(3) Тужбата од став 2 на овој член се поднесува во рок од 30 дена од донесувањето на актот за избор, именување или разрешување, односно од моментот на дознавањето дека е тоа извршено под притисок на политичка партија, спротивно на закон, но не по истекот од една година од денот на донесувањето на актот. Постапката е итна и се води според одредбите на Законот за парнична постапка.

**Анкетна комисија**

**Член 17**

(1) Дваесет пратеници во Собранието на Република Македонија можат да го поставаат прашањето за утврдување на одговорноста за корупција во која се вмешани избрани или именувани функционери, службени лица, одговорни лица во јавни претпријатија и во други правни лица што располагаат со државен капитал.
(2) Претседателот на Собранието на Република Македонија е должен прашањето да го стави на дневен ред на првата наредна седница на Собранието на Република Македонија на која по претходна расправа пратениците кои го поставиле прашањето ги образложуваат повредите на овој закон или на одредбите од Кривичниот законик и се формира анкетна комисија (во натамошниот текст: комисија).
(3) Комисијата е овластена да побара од кој и да било орган, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал или политичка партија што има свој пратеник, односно пратеници во Собранието на Република Македонија да и ги достави сите потребни документи и други материјали важни за разјаснување на случајот и да повика на сослушување кој и да е избран или именуван функционер, службено лице, одговорно лице во јавно претпријатие, или во друго правно лице или одговорно лице на политичка партија.
(4) Одлуките што се однесуваат на преземање на определени дејствија во испитувањето на случајот се донесуваат со мнозинство гласови.
(5) Седниците на комисијата се јавни. Комисијата е должна на Собранието на Република Македонија да му поднесе извештај најдоцна во рок од 60 дена од нејзиното формирање. Ако не се постигнат усогласени ставови, извештајот ги содржи сите ставови на членовите на комисијата.
(6) Претседателот на Собранието на Република Македонија е должен извештајот на комисијата да го стави на разгледување на првата седница на Собранието на Република Македонија од денот на неговото доставување. Извештајот се разгледува на јавна седница на Собранието.
(7) Не може да биде ставено на дневен ред на Собранието на Република Македонија повторно прашањето за одговорност за ист случај на исто лице, орган, јавно претпријатие или друго правно лице или политичка партија, пред истекот на шест месеца од завршувањето на расправата на порано поставеното прашање. Пратениците кои поставиле прашање за одговорност и не ги потврдиле своите наводи со приведување вистинити факти или доволно причини на верување во нивното постоење, не можат повторно да покренат прашање за одговорност пред истекот на шест месеци од денот на порано поставеното прашање.

### Ограничување на државна или друга тајна

### Член 18

На барање на Државната комисија лицето што е должно да чува државна, воена или службена тајна може да биде ослободено од таквата должност поради водење на казнена или друга постапка за дело на корупција.

### Заштита на соработници на правдата и сведоци

### Член 19

(1) Не може да се преземе казнено гонење или да се повика на каква и да е друга одговорност лице што открило податоци што укажуваат на постоење на корупција.
(2) На лицето што дало изјава или сведочело во постапка за дело на корупција му се обезбедува заштита. Лицето има право на надоместок на штета што може да ја претрпи тој или член на неговото семејство поради дадената изјава или сведочење.
(3) Надоместокот од став 2 на овој член се исплатува од средства на Буџетот на Република Македонија.
(4) Министерот за правда донесува акт за утврдување на критериумите за надоместок на штета.

### Заштита на лицата што работат на сузбивање на корупцијата

### Член 20

(1) На лицата што работат во органите за откривање и сузбивање на корупцијата им се обезбедува целосна заштита и независност, заради ефикасно извршување на нивните овластувања и должности и врз нив не смее воопшто да се врши никаков притисок во работата или во преземањето конкретни дејствија.
(2) Владата на Република Македонија со посебна програма ги обезбедува персоналните, едукативните, финансиските и други услови за ефикасно вршење на работите на сузбивањето на корупцијата.

## III. СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА

### Забрана за вршење на други дејности

### Член21

(1) Избран или именуван функционер за време на траењето на мандатот не може да врши никаква друга функција, должност или дејност што е неспоива со неговата функција.
(2) Службено лице не може да врши никаква друга дејност поврзана со остварување профит и што е неспојлива со неговата службена должност Други работи и дејности службеното лице може да врши само по претходно одобрение од неговиот непосреден претпоставен.

(3) Одговорно лице во Јавно претпријатие или во друго правно лице што располага со државен капитал не може да врши никаква друга дејност со која му се нанесува штета на државниот капитал.
(4) Избран или именуван функционер или службено лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување во Јавно претпријатие во случај на избор или именување, или стекнување својство на службено лице, му престанува поранешната функција.
(5) Избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во Јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал не може да врши функција на член на управен одбор или на друг орган на управување во трговско друштво или во друго правно лице што се занимава со дејност со која се остварува профит.

### Ограничувања во соработката со правни лица

### Член 22

(1) Избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во Јавно претпријатие не може, во вршењето на својата функција, односно служба, да воспостави деловни односи со правно лице што го основал тој или член на неговото семејство, или во кое одговорното лице е член на неговото семејство, а ако тие се воспоставени од порано должно е да се изземе од какво и да било одлучување за нив.
(2) Избраниот или именуваниот функционер, службеното лице или одговорното лице во Јавното претпријатие е должно без одлагање, а најдоцна во рок од десет дена по склучувањето на договорот или започнувањето на друга деловна соработка за деловните односи со правното лице од став 1 на овој член со државен орган, орган на локална самоуправа или Јавно претпријатие, да ја извести Државната комисија.

### Користење на државни заеми

### Член 23

Ако правно лице основано од избрано или именувано лице, службено лице или одговорно лице во Јавно претпријатие, или од член на неговото семејство, или во кое член на неговото семејство е одговорно лице, се појави како корисник на заеми кај кои заемодавач е државата, кредити за кои гаранции дава државата, кредити од примарната емисија или од други државни депозити и средства, избраното или именуваното службеното и одговорното лице е должно веднаш, а најдоцна во рок од десет дена по добивањето на заемот кредитот тоа да го пријави на Државната комисија.

### Располагање со државен имот

### Член 24

Избран или именуван функционер, службено или одговорно лице во јавно претпријатие и одговорно лице што располага со државен капитал е должно во рок од 30 дена од стапувањето на должност на Државната

комисија да и го пријави секој промет со државен имот врз кој врши надзор, со кое се стапува во правен однос со правно лице основано од него или од член на неговото семејство, или во кое одговорно лице е член на неговото семејство.

## Економично користење на државни средства

### Член 25

(1) Избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во Јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал е должно да ги чува државните средства што му се доверени и со нив да располага на најекономичен начин и за однапред определените намени .

Забрането е средствата да се користат за приватни цели или да се даваат на друг на користење

(2) Висината на трошоците за репрезентација и нивните корисници се определуваат со закон

## Известување за користењето на странска помош

### Член 26

(1) Кога како корисници на донации и друга странска помош се јавуваат државните органи тие се должни да ја известат Државната комисија за начинот на нивното користење.

(2) Државната комисија на Собранието на Република Македонија му доставува годишен извештај за користењето на средствата и помошта од став 1 на овој член Извештајот се објавува во средствата за јавно информирање.

## Вршење дејност по престанокот на функцијата

### Член 27

Избран или именуван функционер или службено лице што во рок од три години од денот на престанокот на функцијата ќе основа трговско друштво или ќе започне да се занимава со дејност со која се остварува профит во област во која работел, должно е за тоа да ја информира Државната комисија.

## Забрана за стекнување акционерски права

### Член 28

(1) Избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во Јавно претпријатие не може во текот на траењето на мандатот, односно должноста и во рок до пет години по нејзиниот престанок да стекне по која и да е основа и во кој и да е облик акционерски права во правно лице врз кое тој или органот во кој работи или работел врши, односно вршел надзор, освен ако тие права ги стекне со купување на акции на берза или по пат на наследување.

(2) Стекнувањето на акционерски права за време на траењето на мандатот, односно службата лицето од став 1 на овој член е должно да го пријави на Државната комисија во рок од 30 дена по нивното стекнување.

**Забрана на влијание за вработување блиски роднини**

**Член 29**

(1) Избран или именуван функционерот не смее да врши влијание за вработување или унапредување на член на неговото семејство во органот во кој е избран или именуван, или во друг државен орган или Јавно претпријатие врз кое врши надзор органот во кој функционерот е избран или именуван.

(2) Избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во Јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал е должно да ја извести Државната комисија за секој избор, именување или вработување унапредување на член на неговото семејство во државен орган, орган на локалната самоуправа, Јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, во рок од десет дена по извршениот избор, именување, унапредување или вработување.

**Забрана за примање подароци**

**Член 30**

Избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал не смее да прима подароци или ветување за подарок, освен пригодни подароци, како книги, сувенири и слични предмети од помала вредност.

**Злоупотреба на службени податоци**

**Член 31**

(1) Избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие не смее да ги користи информациите со кои располага за остварување корист за себе или за друг.

(2) Обврската од став 1 на овој член останува во рок од три години од денот на престанокот на функцијата, односно должноста, освен ако со закон определено не е поинаку.

(3) Лицето од став 1 на овој член не смее да држи во тајност податоци што според овој или друг закон мораат да бидат објавени или да бара пристап кон податоци за кои знае дека не е овластен да ги добие, или да се однесува несовесно кон чувањето на податоците што претставуваат тајна.

**Злоупотреба на јавни набавки**

**Член 32**

(1) Избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен

капитал не смее да врши никакво влијание врз органот или правното лице што одлучува за прибавените понуди по јавно објавениот конкурс, оглас или лицитација за јавни набавки или други јавни нарачки и работи.
(2) Ако меѓу понудувачите на јавниот оглас, распишан од било кој орган, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, учествува правно лице основано од избран или именуван функционер, или од член на неговото семејство, или во кое одговорно лице е член на неговото семејство, функционерот е должен во рок од десет дена да ја извести Државната комисија за неговото учество на огласот.
(3) Службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие или во друго правно лице што располага со државен капитал е должно во рок од десет дена да ја извести Државната комисија за учеството на јавен оглас, распишан во органот или правното лице во кое тоа лице врши должност, на правно лице основано од него, или на правно лице во кое член на неговото семејство е одговорно лице.
(4) Одредбите од ставовите 1 до 3 на овој член се применуваат и кога врз основа на јавен конкурс, оглас или лицитација се одлучува за давање одобренија, концесии, контингенти или дозволи за вршење на стопанска или друга профитна дејност.

**Обврска за пријавување на имот**

**Член 33**

(1) Избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал при изборот, односно по стапувањето на должност, а најдоцна во рок од 30 дена, пополнува анкетен лист со детален попис на недвижен имот, подвижни предмети од поголема вредност, хартии од вредност и побарувања и долгови, како и друг имот што е во негова сопственост или во сопственост на членовите на неговото семејство.
(2) При изборот, односно по стапувањето на должност, а најдоцна во рок од 30 дена, лицето од став 1 на овој член депонира и заверена изјава кај нотар за откажување од заштита на банкарска тајна во однос на сите сметки во домашни и странски банки.
(3) Анкетниот лист и изјавата се доставуваат до Државната комисија и Управата за јавни приходи.
(4) Содржината и формата на анкетниот лист ги утврдува со свој акт Владата на Република Македонија.

**Пријавување на промени во имотната состојба**

**Член 34**

(1) Избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал е должно да го пријави секое зголемување на неговиот имот, односно на имотот на член на неговото семејство, како што е изградба на куќа или други објекти, купување на недвижности, хартии од вредност, автомобил или други подвижни предмети во вредност што надминува износ

од дваесет просечни плати остварени во стопанството во претходниот тримесечен период во Републиката.
(2) Кон пријавата што се доставува до Државната комисија и Управата за јавни приходи се приложува и договор или друг документ што е основа за располагање со имотот, како и документ за начинот на извршеното плаќање.

### Својство на службена исправа

### Член 35

Анкетниот лист, изјавата и пријавата од членовите 33 и 34 на овој закон се сметаат за службени исправи и се чуваат како службена тајна, освен во случаи кога Државната комисија ќе одлучи поинаку.

### Постапка за испитување на имотната состојба

### Член 36

(1) Против избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, може да се поведе постапка за испитување на имотот и имотната состојба, ако лицето во анкетниот лист од член 33 на овој закон не дало податоци или дало невистинити податоци или ако не пријавило промена на имотот или во пријавата од член 34 на овој закон дало невистинити податоци или ако се утврди дека неговиот имот или имотот на член на неговото семејство, во текот на траењето на мандатот, односно вршењето на должноста, е несразмерно зголемен во однос на редовните примања во вид на плати, дивиденди и други приходи од вршење на дејност или имот.
(2) Постапката ја поведува Управата за јавни приходи откако претходно ќе му ги предочи на лицето основите за нејзиното поведување, содржани во став 1 на овој член. Барање за поведување постапка може да поднесе и Државната комисија. Постапката се води според одредбите на Законот за управна постапка.
(3) Со поведувањето на постапката Управата за јавни приходи поднесува и предлог до надлежниот основен суд за времена мерка на забрана за располагање со имотот.
(4) Ако во постапката не се докаже дека имотот е стекнат, односно зголемен како резултат на редовни примања, што се пријавени и оданочени, Управата ќе донесе решение за оданочување, земајќи ја како основица за оданочување разликата меѓу утврдените редовни, пријавени и оданочени примања на лицето и членовите на неговото семејство и проценетата пазарна вредност на имотот. Така утврдената основица се оданочува со стапка утврдена согласно со Законот за персонален данок од доход.
(5) Против конечното решение за оданочување, може со тужба да се поведе управен спор пред Врховниот суд на Република Македонија. Постапката пред судот е итна.

(6) Управата за приходи поднесува предлог за извршување во рок од осум дена по правосилноста на решението, односно пресудата до надлежниот основен суд, кој наредува извршувањето да се спроведе веднаш, а најдоцна во рок од три дена по приемот на предлогот. Против предлогот за извршување не е дозволен приговор.
(7) Правосилното решение, односно пресуда се извршува врз целокупниот имот на лицето, како и врз имотот на членовите на неговото семејство, а ако имотот од започнувањето на постапката за негова проверка е пренесен на трети лица без надоместок или со надоместок што не одговара на неговата утврдена пазарна вредност, се извршува и врз така пренесениот имот. За приговорот дека тие лица дале за пренесениот имот надоместок што одговара на пазарната вредност, судот одлучува само врз основа на веродостојни исправи за основот и начинот на плаќањето, во рок од три дена по поднесувањето на приговорот. Против приговорот е дозволена жалба во рок од осум дена од приемот на одлуката. Второстепениот суд одлучува по жалбата во рок од три дена по нејзиното примање.
(8) Во текот на судската постапка и постапката на извршување, претседателот на надлежниот суд е должен по службена должност да внимава на почитувањето на роковите, доставата на судските акти и брзината на извршувањето на правосилната одлука.

## IV. СПРЕЧУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

### Основни обврски во вршењето на службата

### Член 37

(1) Избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал е должно вршењето на својата функција или должност да го подреди на начелата на законитост, ефикасност, доверба, независност, автономност, чесност и професионалност.
(2) Лицата од став 1 на овој член се должни во вршењето на својата функција или должност да постапуваат совесно, стручно, без дискриминација или повластување на кого било, со целосно почитување на човековите права и слободи и човековото достоинство и без никаков личен интерес.

### Судир меѓу личниот и општиот интерес

### Член 38

(1) Во случај на судир меѓу личниот и општиот интерес избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал е должно да постапи според општиот интерес.
(2) Судир меѓу личниот и општиот интерес постои кога со вршењето на определено службено или друго дејствие се засега во материјалните или

другите интереси на лицето од став 1 на овој член или во интересите на членови на неговото семејство.

## Изземање

## Член 39

(1) Кога избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал ќе дознае за околности што укажуваат на судир на интереси, должно е да побара изземање.
(2) Лицето од став 1 на овој член ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, или на неговиот претпоставен и без негово барање или спротивно на неговата волја, ако е очигледно дека во конкретниот случај постои и негов личен интерес.
(3) Прикривањето на постоењето на личен интерес претставува тешка повреда на должноста и основа за покренување постапка за политичка или дисциплинска одговорност.

## Незаконити барања на претпоставен

## Член 40

(1) Службеното лице од кое неговиот претпоставен или избран или именуван функционер бара во вршењето на службата да постапи на незаконит, нечесен и нелојален начин кон државен орган или да привилегира или дискриминира граѓанин или правно лице, должно е за тоа да го извести надлежниот државен орган и Државната комисија.
(2) Службеното лице е должно писмено да го извести својот непосредно повисоко претпоставен, ако непосредно повисокиот претпоставен и по усното спротивставување и понатаму инсистира на барањата од став 1 на овој член.
По писменото укажување службеното лице е ослободено од обврската за незаконито вршење на службено дејствие и не може за тоа да биде повикано на одговорност.

## Непријавување на казниво дело

## Член 41

Избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал е должно да го пријави секое казниво дело, како и секоја повреда на одредбите од овој закон, за кои дознало во вршењето на својата должност.

## Забрана за вршење влијание врз друг

## Член42

(1) Избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен

капитал не смее да ја искористи својата положба вршејќи влијание врз друго лице во државен орган, јавно претпријатие или друго правно лице, за тоа да донесе или да не донесе определена одлука, да стори нешто, да пропушти или да трпи, заради остварување корист или нанесување штета на друг.
(2) Лицето од став 1 на овој член не може да учествува како посредник или застапник во комерцијални и други зделки меѓу правни лица или граѓани.
(3) Секој граѓанин е должен да ја извести Државната комисија за повредата на одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член.

**Вршење дискрециони овластувања**

**Член 43**
(1) Во вршењето дискрециони овластувања секој избран или именуван функционер или службено лице е должно одлуките да ги донесува совесно, водејќи сметка за сите факти и околности на конкретниот случај и за начелото на законитост и справедливост.
(2) Граѓанин или правно лице што е незадоволно од одлуката донесена врз основа на дискреционо овластување и кое смета дека таа одлука е донесена поради корумпираност, може да поднесе претставка пред Државната комисија.
(3) Државната комисија е должна да ја разгледа претставката и во рок од 30 дена од нејзиниот прием да го извести физичкото или правното лице за постапувањето по претставката.

**Понуда на поткуп**

**Член44**
Ако на избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал на кое му е понуден поткуп, тоа лице е должно да преземе мерки на заштита заради идентификација на понудувачот и негово пријавување на надлежен орган.

**Постапка во случај на обвинение за корупција**

**Член45**
(1) Лицето обвинето за корупција без одлагање го известува органот во кој е избрано или именувано, односно до својот претпоставен. Не се смета за обвинение поднесувањето на анонимна пријава.
(2) Обвинението за корупција се разгледува во постапка утврдена со закон.

### Ништовност на правни акти и надоместок на штета

**Член46**

(1) Правните акти што се резултат на корупција се ништовни. Секое лице кое има правен интерес може да бара нивно поништување, со поднесување доказ на правосилна судска пресуда со која е утврдено постоењето на корупција.
(2) Лицето што е оштетено со акт на корупција може да бара надоместок на штета (вистинска штета и изгубена добивка) според принципите на солидарна одговорност од сторителот на делото, квалификувано како дело на корупција со правосилна судска пресуда, како и од органот или јавното претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал, во кое тоа лице ја вршело својата функција или должност во времето на извршувањето на делото.

## V. ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

### Положба и состав

**Член47**

(1) Државната комисија е самостојна и независна во вршењето на работите определени со овој закон.
(2) Државната комисија е составена од седум члена.
(3) Административните, стручните и техничките работи на Државната комисија ги врши Министерството за правда.

### Именување на членови на Државната комисија

**Член 48**

(1) Членовите на Државната комисија ги именува Собранието на Република Македонија со мандат од четири години, без право на повторно именување.
(2) Членовите на Државната комисија се именуваат од редот на истакнати стручњаци од областа на правото и економијата и кои уживаат углед за вршење на функцијата.
(3) Од редот на членовите именувани според став 1 на овој член, Државната комисија избира претседател со мандат од една година, без право на повторен избор.

### Надлежност

**Член49**

(1) Државната комисија ги има следниве надлежности:
- донесува државна програма за превенција и репресија на корупцијата;
- донесува годишни програми и планови за остварување на државната програма;

- дава мислења за предлози на закони од значење за спречување на корупцијата;
- покренува иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско- материјалното работење на политичките партии, синдикатот и здруженијата на граѓани;
- покренува иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи за разрешување, сменување, казнено гонење или примена на други мерки на одговорност на избрани или именувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал;
- разгледува случаи на судир на општиот и личниот интерес, определени со овој закон;
- ја евидентира и следи имотната состојба, промените на имотната состојба и дополнителните профитни и други активности на избраните и именуваните функционери, службени лица и одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал, на начин утврден со овој закон;
- донесува Деловник за работа;
- предлага средства во предлогот на буџетската пресметка на Собранието на Република Македонија потребни за нејзината работа;
- подготвува годишни извештаи за својата работа и за преземените мерки и активности и ги доставува до претседателот на Републиката, Собранието, Владата и Врховниот суд на Република Македонија и ги објавува во средствата за јавно информирање;
- соработува со други државни органи во сузбивањето на корупцијата;
- соработува со соодветни национални тела на други држави, како и со меѓународни органи и тела на полето на сузбивањето на корупцијата;
- презема активности на планот на едукацијата на органите, надлежни за откривање и гонење на корупцијата и другите видови на криминал и
- врши и други работи определени со овој закон .

(2) Државната комисија ја известува јавноста за преземените мерки и активности и за нивните резултати, преку редовни годишни извештаи или кога ќе оцени дека е тоа неопходно за информирање на јавноста.

## Права, должности и одговорности

### Член 50

(1) Членот на Државната комисија има својство на именувано лице.

(2) Членовите на Државната комисија имаат право на месечен надоместок од две просечни месечни плати во бруто износ утврден од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

(3) За својата работа членовите на Државната комисија одговараат пред Собранието на Република Македонија.

## Начин на работа

### Член 51

(1) Државната комисија работите од својата надлежност ги врши на седница на која присуствуваат повеќе од половината членови.
(2) Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.
(3) Со Деловникот за работа се утврдува начинот на работа на Државната комисија.
(4) За поопстојно разгледување на одделни прашања, на седница на Државната комисија може да бидат поканети да учествуваат истакнати стручњаци.

## Повикување на лица

### Член52

(1) Заради разјаснување на определени прашања, важни за донесување одлука за покренување постапка пред други органи, на седницата на Државната комисија може да биде повикано и лицето осомничено за корупција.
(2) Ако повиканото лице одбие да присуствува на седницата, Државната комисија го разгледува случајот врз основа на другите докази со кои располага.
(3) Претходната постапка од став 1 на овој член е тајна.

## Барање на известувања

### Член 53

(1) Државната комисија може од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие или во друго правно лице што располага со државен капитал, да побара податоци за неговата имотна состојба или имотната состојба на членовите на неговото семејство, за промените во имотната состојба, за дејноста што ја врши тој или член на неговото семејство, приходите што ги остварува или други податоци од значење за примената на одредбите од овој закон.
(2) Ако Државната комисија ги побара податоците од став 1 на овој член од надлежен орган или правно лице, органот или правното лице е должно без одлагање да ги достави бараните податоци и не може да се повикува на државна, службена или друга тајна.

## Вршење увид на сметките на државни органи

### Член54

Во вршењето на работите од својата надлежност, определени со овој закон, Државната комисија може да побара да се изврши непосреден увид во трошењето на средствата на органите и правните лица што располагаат со државен капитал.

## VI. СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО РАБОТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС И ДРУГИ ДЕЈНОСТИ НА ПРАВНИ ЛИЦА

### Злоупотреба во вршењето работи од јавен интерес

### Член 55

(1) Лице што врши работи од јавен интерес не смее да ја злоупотреби својата положба за остварување на лична корист.
(2) Ако постои основано сомневање дека имотот на лицето од став 1 на овој член или на член на неговото семејство, во текот на вршењето на работи од јавен интерес е несразмерно зголемен по однос на неговите редовни примања или примањата на членовите на неговото семејство, Управата за јавни приходи може да покрене постапка за испитување на имотната состојба. Постапката се води според член 36 на овој закон.
(3) Како работи од јавен интерес, покрај дејностите што се со закон определени како работи од јавен интерес, се сметаат и активностите што се вршат во рамките на дејствувањето на политичките партии, синдикатите и други здруженија на граѓани.

### Заштита на средствата за јавно информирање

### Член 56

(1) Се забранува каква било присилба, спречување или влијание на друг начин врз средствата за јавно информирање да објавуваат или да не објавуваат информации за случаи на корупција.
(2) Новинарот има право на непречен пристап до сите извори на информации.
Никој не може да ја исклучи јавноста од расправата за корупција пред надлежен орган или правно лице, освен кога се работи за претходна постапка што е прогласена за тајна.
(3) Никој не може од новинарот што објавил информација за акт на корупција да бара да го открие изворот на информацијата, освен во постапка пред суд.

### Злоупотреба на средствата за јавно информирање

### Член 57

(1) Секој кој што објавува информација за корумпираност на друг, должен е да ја почитува претпоставената невиност и принципите на вистинито, објективно и непристрасно информирање, како и други принципи на кодексот на професионалната етика.
(2) Никој не може да користи средство за јавно информирање за лажно обвинување на друг за корупција.

### Злоупотреби во финансиското работење

**Член 58**

(1) Секој вработен во банка, штедилница, менувачница, осигурително друштво, берза или друга финансиска организација е должен да пријави сомнителна трансакција што е во врска со корупција. Пријавата се доставува до одговорното лице во тоа правно лице или до органи определени со закон.
(2) Организаторот на берза е должен да води евиденција и регистар на сите трансакции извршени на берзата.

### Спречување на корупција во трговските друштва

**Член 59**

(1) Одговорно лице во трговско друштво или друго правно лице не смее да прими награда или каква и да е друга корист или ветување за тоа, за себе или за друг, за да ја искористи својата положба заради создавање монополска положба на пазарот, вршење дискриминација на други трговски друштва или правни лица, предизвикување растројство на пазарот или причинување штета на друго физичко или правно лице, што не е резултат на конкуренцијата во деловното работење и деловниот ризик.
(2) Договорите и другите правни акти што се резултат на корупција на одговорното лице, како и договорите што се резултат на корупција, односно остварување противправна корист за правното лице, се ништовни.
(3) Настапувањето на последицата од став и на овој член претставува основа за поднесување тужба од оштетеното лице за надоместок на штета (вистинска штета и изгубена добивка).
(4) Одговорното лице во трговско друштво или друго правно лице не смее да држи непријавени сметки во странство, ниту да врши исплати во странство на странски службени лица или политички партии.
(5) Ако постои основано сомневање во вистинитоста на годишната завршна сметка што ја поднесува правното лице или на другите деловни книги и финансиски документи, Управата за јавни приходи може да покрене постапка за испитување на имотната состојба. Постапката се води според одредбите на член 36 од овој закон.

## VII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 60**

(1) Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари се казнува и политичка партија, синдикат или здружение на граѓани ако прибира средства во готово или од неидентификувани извори, ако не води уредна финансиска документација, или не пријави вршење профитна дејност, спротивно на членовите 8 и 9 од овој закон.

(2) За прекршокот од став 1 на овој закон со парична казна од 20.000 до 50.000 денари се казнува и одговорно лице во политичка партија, синдикат и здружение на граѓани.
(3) Средствата од неидентификувани извори се запленуваат.

**Член 61**

(1) Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок кандидат на избори што користи средства од странство, од неидентификувани извори или средства за кои постои забрана за користење за изборна кампања.
(2) Средствата се запленуваат.

**Член 62**

Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок лицето што нема да ги почитува забраните од членовите 20, 21 и 27 на овој закон.

**Член 63**

Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари. ќе се казни за прекршок лицето што нема да поднесе задолжителна пријава, односно известување за имот, дејност, вработување или други податоци, предвидени во членовите 22,23, 24, 26, 28,29,32, 33 и 34 на овој закон.

**Член 64**

Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок лице што спротивно на член 41 од овој закон нема да пријави казниво дело или друга повреда на одредбите од овој закон, освен ако непријавувањето претставува кривично дело.

**Член 65**

Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок тој кој што врши присилба или на кој и да било начин забранува да се објави или да не се објавува информација за случај на корупција, освен ако се остварени елементите на кривично дело, како и тој кој што го попречува пристапот кон изворите на информации.

**Член 66**

Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок лицето што ќе пропушти да пријави сомнителна трансакција спротивно на член 58 од овој закон.

**Член 67**

(1) Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок одговорно лице што не пријавува сметки во странство или врши исплати во странство спротивно на член 59 став 4 од овој закон, освен ако се исполнети елементите на кривично дело.
(2) Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари за прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни и правното лице.

### Казнување на правно лице

**Член 68**

(1) Ако одговорно лице изврши кривично дело од членовите 353, 357, 358 и 359 на Кривичниот законик во име и за сметка на правното лице или ако дејствието на такво дело е извршено од орган на управување, правното лице ќе се казни за прекршок со парична казна од 200.000 до 300.000 денари.
(2) Имотната корист се запленува.

### Забрана за вршење функции и должности

**Член 69**

Лицето кое со правосилна судска пресуда е осудено за корупција, не може да врши функции и должности на избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие, во рок од пет години од денот на правосилноста на пресудата.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Забрана за вршење други дејности

**Член 70**

Одредбите за забрана за вршење други дејности, освен пратеничката функција, во смисла на член 21 од овој закон, ќе се применуваат по именувањето на членовите на Државната комисија.

### Именување на членови на Државната комисија

**Член 71**

Членовите на Државната комисија ќе бидат именувани најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Донесување на потребните акти

**Член 72**

Владата на Република Македонија актот за содржината и формата од член 33 став 4 на овој закон ќе го донесе најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Влегување во сила на законот

**Член 73**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.